Република Северна Македонија

**Министерство за труд**
**и социјална политика**

-Сектор за политики од областа на трудовото право и политики за вработување-

**Архивски број: 08–3564/3**

**Датум:** 24 -07- 2020

Врз основа на член 45 став 1 од Законот за безбедност и здравје при работа („Службен весник на РМ" бр.92/07, 98/10, 93/11, 136/11, 60/12, 23/13, 25/13, 137/13, 164/13, 158/14, 15/15, 129/15, 192/15, 30/16 и 18/20), Министерството за труд и социјална политика донесе:

## РЕШЕНИЕ

На правното лице Друштво за консалтинг, услуги и трговија ЕКО КОНТРОЛ увоз-извоз ДООЕЛ Струмица со седиште на ул. Климент Охридски бр.11 Б Струмица, со ЕМБС 6902855 и адреса на деловни простории каде се врши дејноста ул. Климент Охридски бр.11 Б (1 кат) во Струмица, **му се дозволува** да врши стручни работи за безбедност при работа :

1. КОНЦЕПТ НА ИЗЈАВА ЗА БЕЗБЕДНОСТ,
2. ПРОЦЕНКА НА РИЗИК,
3. ИЗРАБОТКА И СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМИ ЗА ОБУКА НА ВРАБОТЕНИТЕ ЗА БЕЗБЕДНО ИЗВРШУВАЊЕ НА РАБОТАТА,
4.РЕДОВНО ТЕСТИРАЊЕ И КОНТРОЛА НА ОПРЕМАТА ЗА РАБОТА и
5.ВРШЕЊЕ НА ПЕРИОДИЧНИ МЕРЕЊА НА ХЕМИСКИ ШТЕТНОСТИ (ПРАШИНА), ФИЗИЧКИ ШТЕТНОСТИ (БЕЗ ВИБРАЦИИ И ЕЛЕКТРОМАГНЕТНИ ЗРАЧЕЊА ВО ПОЛЕ) И НА МИКРОКЛИМАТСКИТЕ УСЛОВИ ВО РАБОТНАТА СРЕДИНА.

## Образложение

Правното лице Друштво за консалтинг, услуги и трговија ЕКО КОНТРОЛ увоз-извоз ДООЕЛ Струмица достави барање бр.08-3564/1 од 28.05.2020 година до Министерството за труд и социјална политика, надлежно за работите од областа на трудот, конкретно за овластувањата во работните простории ул. Климент Охридски бр.11 Б (1 кат) во Струмица: проценка на ризик, концепт на изјава за безбедност, изработка и спроведување на програми за обука на вработените за безбедно извршување на работата, за кои веќе имаше лиценци добиени во други работни простории и дополнување на овластувањата со редовно тестирање и контрола на опремата за работа и вршење на периодични мерења на хемиски штетности


Министерство за труд
и социјална политика на
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3106 212
www.mtsp.gov.mk
e-mail: mtsp@mtsp.gov.mk

(прачина), физички штетности (без вибрации и електромагнетни зрачења во поле) и на микроклиматските услови во работната средина.

Со пријавата е доставена соодветна документација и докази согласно Правилникот за условите за вработените, организацијата, техничките и други услови кои треба да ги исполни правното или физичкото лице за вршење стручни работи („Службен весник на РМ" бр. 37/08).

Од извршениот увид во доставената документација и работните простории, како и опремата која ја поседува правното лице, Комисијата за утврдување на условите кај правното или физичкото лице за издавање на овластување за вршење на стручни работи утврди и донесе мислење ИП1 бр.10-836/3 од 02.07.2020 година дека правното лице Друштво за консалтинг, услуги и трговија ЕКО КОНТРОЛ увоз-извоз ДООЕЛ Струмица, ги исполнува неопходните услови за добивање на дозвола - овластување за вршење стручни работи во работните простории лоцирани на ул. Климент Охридски бр.11 Б (1 кат) Струмица: проценка на ризик, концепт на изјава за безбедност, изработка и спроведување на програми за обука на вработените за безбедно извршување на работата во, редовно тестирање и контрола на опремата за работа и вршење на периодични мерења на хемиски штетности (прашина), физички штетности (без вибрации и електромагнетни зрачења во поле) и на микроклиматските услови во работната средина, а во согласност со Правилникот за условите за вработените, организацијата, техничките и други услови кои треба да ги исполни правното или физичко лице за вршење стручни работи („Службен весник на РМ" бр.37/08).

Од гореспоменатите причини Министерството за труд и социјална политика го донесе Решението бр.08-3564/3.

**Правна поука:** Против решението може да поднесе жалба во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

**Изготвил:**
**Претседател на Комисија**
**м-р Грозданка Тилева**

**Заменик министер,**
***Gjonul Bajraktar***


Министерство за труд
и социјална политика на
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3106 212
www.mtsp.gov.mk
e-mail: mtsp@mtsp.gov.mk